**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА МАРТ 2009 ГОДИНА

**Април 2009 година**

## I. Зајакнување на институционалниот капацитет

1. Владата на Република Македонија донесе Уредба за изменување и допонување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон. Со измените на уредбата се операционализира концептот на овластен економски оператор, воведен со измените на царинскиот закон од 2008 година. Исто така, со измените на уредбата се врши децентрализација на издавањето на одобренија за постапки со економски ефект, односно наместо Централната управа, истите ќе ги издава надлежната царинарница, со што ќе се забрза постапката и ќе се намалат трошоците на бизнис заедницата. Со измените на уредбата предвидена е измена на стапката на компензаторната камата и истата се пропишува во висина од 0,8% за секој месец од предметниот период. Исто така, изменет е стандардизираниот образец за издавање на Задолжителна тарифна информација (ЗТИ) и Задолжителна информација за потекло (ЗИП).

2. Царинската управа изработи Царинската тарифа за 2009 на англиски јазик и истата ќе биде објавена на интернет страната со цел обезбедување на информации за заинтересираните страни во поглед на распоредување на стоката, царинските давачки (МФН[1] и преференцијални), мерките на трговска политика, ДДВ и акцизи.

3. Во текот на март започна тест примена на новите високо сигурносни царински пломби во пилот испоставата – ЦИ Терминал извоз Скопје. По успешната пробна примена, во текот на април ќе започне целосна имплементација на новите царински пломби со цел зајакнување на механизмите за царински надзор и зголемување на безбедноста на пратките.

4. Европската комисија преку Објава (Сл. Весник на ЕУ Бр. C62/20 од 17.03.2009 година) ја објави информативната матрица за времето на примена на преференцијалните договори кои овозможуваат дијагонална кумулација на потекло. Согласно ова известување кумулацијата може да се применува само доколку земјите на финалното производство и крајната дестинација имаат склучено преференцијални договори за слободна трговија кои содржат идентични правила за потекло, со сите земји кои учествуваат во стекнувањето на статус на потекло т.е. со сите земји во кои се употребувани материјали со потекло. Согласно обврската која ја имаше ЕУ според член 3 и 4 од Протоколот за потекло од Спогодбата за стабилизација и асоцијација за прв пат се објави известување во Службениот весник на Европската унија (изданија означени со Ц) за примена на дијагоналната кумулација со земјите вклучени во процесот на стабилизација и асоцијација.

5. Со цел правилно управување со имплементацијата на Систем за обработка на царински декларации - СОЦД, Царинската управа изготви акционен план за активности во областа на ИКТ, кој покрај редовните проектни активности ги опфаќа и дополнителните активности особено во однос на обезбедување на техничката платформа, имплементацијата на електронската декларација и развојот на екстерниот и владиниот домен на СОЦД.

6. Во рамките на активностите околу имплементацијата на СОЦД се одржа информативен состанок со претставницина екстерниот домен (фирми кои имаат интерес за развој на апликации за надворешното трговско работење), со цел

[1] **Most favoured nation (принцип на најповластена нација)**

информирање на економските оператори, подносители и други претставници на бизнис заедницата во врска со развојните аспекти на екстерниот домен поврзани со имплементацијата на системот.

7. Во месец март донесено е Упатство за начинот и постапката за издавање под закуп на деловен и рекламен простор на граничните премини на Република Македонија за патен сообраќај, а над кои право на управување, уредување и одржување има Царинската управа на Република Македонија.

8. Врз основа на член 6 став 1 од Законот за царинска управа ("Службен весник на Р.М" бр. 46/04, 81/05, 107/07 и 103/08), директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Упатство за начинот на користење на програмата за електронско учење во Царинската управа.

9. Врз основа на член 47 од Правилникот за организација и работа на Царинската управа и точка 5 од Упатството за подготовка и извршување на финансискиот план, планот за инвестиции и планот за набавки во Царинската управа бр.05-21755/1 од 08.08.2008 година, директорот на Царинската управа на Република Македонија го донесе Решение за формирање Комисија за управување со средствата и обврските на Царинската управа на Република Македонија.

10. Врз основа на член 7 став 2, член 10 став 4 и член 24 став 1 од Законот за Царинска управа („Сл.весник на РМ" бр.46/2004, 81/05, 107/07 и 103/08), директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Упатство за работа на Одделението за разузнавање и Упатство за централна листа на осомничени. Со Упатството за централна листа на осомничени се уредува начинот на подготовка и користење на Централна листа на осомничени во Царинската управа, надлежноста и одговорноста на организационите единици во Царинската управа и на царинските службеници во подготовката и користењето на оваа листа.

11. Во март 2009 година Царинската управа наплати вкупно 3.420 милиони денари (56,1 милиони евра) на име увозни давачки приходи, што е за 20% помалку во однос на оствареното во истиот период 2008 година.

    Од вкупно наплатените увозни давачки, на име царина и други царински давачки во март 2009 година се наплатени 473 милиони денари (7,7 милиони евра) што е 15% помалку од остварувањето во истиот период 2008 година.

    Наплатените приходи од ДДВ во март 2009 година изнесуваат 2.847 милиони денари (46,7 милиони евра), што е за 21% помалку од истиот месец во 2008 година.

    Наплатените приходи од акциза во март 2009 година изнесуваат 73 милиони денари (приближно 1,2 милион евра), што е за 4 % повеќе во однос на 2008 година.

    Наплатените приходи од надоместоци изнесуваа 27 милиони денари (442 илјади евра) кои во споредба со март 2008 година се помалку за 20 % .

**Во периодот Јануари-Март 2009** Царинската управа наплати вкупно 9.576 милиони денари **(157 милиони евра)** на име Буџетски приходи, што е за 16 % помалку во однос на истиот период 2008 година

Од вкупно наплатените Буџетски приходи по видови, на име **царина и други царински давачки**, во периодот Јануари-Март 2009 година наплатени се 1.329 милиони денари (21,8 милиони евра) што е за 2,5 % помалку од остварувањето во истиот период 2008 година.

Приходите наплатени од **ДДВ** во периодот Јануари-Март 2009 година изнесуваат 7.996 милиони денари (131,1 милиони евра), што е 18,5 % помалку од оствареното во истиот период во 2008 година.

Наплатените приходи од **акциза**, изнесуваат 195 милиони денари (3,2 милиони евра), што е за 6 % помалку од месец оствареното во периодот Јануари-Март 2008 година.

Наплатените приходи од **надоместоци** изнесуваат 57 милиони денари (934 илјади евра), кои во однос на периодот Јануари-Март 2008 година се 5 % повеќе приходи од надоместоци.

## II. Административен капацитет

Во месец март, Царинската управа учествуваше во организација на следниве обуки, работилници, семинари и работни средби:

- Во рамките на RACWeb[2] проектот одржана е обука на тема „Користење на RACWeb платформа“; Со поддршка на Шпанскиот Твининг Проект: Зајакнување на капацитетите за спречување на перење на пари – фаза II, одржан е „Семинар за царина, даноци, финансиски истраги и финансиски измами во областа на перење на пари“; За вработените во Секторот за контрола и исраги одржана е обука за изготвување на стандардни извештаи; Во рамките на ЕУ проектот за Градење на капацитет за поддршката на децентрализацијата на управувањето со помош од ЕУ, одржана е работилница за надгледување и оценување на оперативни програми; Во соработка со Секретаријатот за европски прашања беше организирана втората работилница за проекти е-влада во Македонија и најдобри ЕУ практики на тема Односи со јавност; Во врска со активностите за запознавање на царинските службеници со новодонесените упатства поврзани со секојдневното работење одржани се две презентации за Упатството за работа на Одделението за координација и комуникација; Согласно програмата за обуки за 2009 година одржано е советување за вработените во СНИО.

На горенаведените настани (вкупно 8) учествувале 112 царински службеници, во времетраење од 402 часа. Просечното времетрење на обука за вработените кои посетувале обука е 3,59 часа, додека просечното времетраење на обука за секој вработен е 0,36 часа.

- Во текот на март месец Царинската управа организираше обука за економските промотори на Република Македонија во Чешка, САД и Катар и на истите им беа презентирани Царинскиот закон со пратечките прописи, Законот за царинска тарифа, Договорите за слободна трговија (во поглед на поволностите кои ги нудат во однос на ослободувањето од царински давачки како олеснителни околности за

[2] Risk Assessment for Customs in Western Balkan Countries

странските инвеститори како и поедноставените постапки кои произлегуваат од нив), Спогодбите за царинска соработка, царинската постапка увоз за облагородување, спроведување на царинската постапка во технолошко-индустриските развојни зони, поедноставени царински постапки. Исто така, на економските промотори им беа презентирани активностите и резултатите на Царинската управа во процесот на модернизација, со цел олеснување на трговијата и зголемување на безбедноста на синџирот на снабдување.

Во соработка со Амбасадата на САД во Скопје 2 царински службеници од Одделението за оперативни работи учествуваа на 69-тата сесија на Меѓународната академија за органите на прогонот (ИЛЕА).

Претставници од Службата за ТАРИК учествуваа во основна обука за Запознавање со организационата структура на ТАРИК и неговото имплементирање, одржана од страна на Експерти за ТАРИК на Р.Словенија, во организација на Владата на Р. Македонија – Секретаријат за европски прашања.

Царинската управа на Република Македонија со свој претставник активно учествуваше на 43 сесија на Комитетот на Хармонизиран систем при Светската царинска организација.

**III. Интегритет и борба против корупција**

12. Во март 2009 година, врз основа на различни сознанија и примени информации, беа реализирани 12 внатрешни истраги во организационите единици на Царинската управа. За спроведените истраги изготвени се 3 извештаи со заклучоци за постоење основани сомненија дека царинските работници работеле спротивно на законските одредби, како и 7 извештаи во кои не е утврдено повреда на позитивните законски прописи од страна на царинските службеници. Во 1 случај е изготвена Информација за постоење на случај на судир на интереси на царински службеник по што се преземени дејствија за контрола на неговото севкупно работење. Само во 1 случај е изготвен Првичен извештај од причини што се очекува информација од други институции од кои зависи понатамоштниот тек на истрагата.
    Во периодот на месец Март инспекторите од Одделението за внатрешна инспекција извршија контрола на начинот на постапувањето на одредени царински испостави по основ на негативно одговорените предмети од верификацијата на доказите за потекло и тоа во царинските испостави Терминал Скопје, Кавадарци и Струмица.
    Извршена е контрола за ненавременото активирање на инструментите за обезбедување на царинскиот долг со табела за царинска испостава Штип.
    По завршените редовни внатрешни инспекции во царинските испостави Аеродром и Пошта изготвени се 2 конечни извештаи.
    За направените контроли изготвени се 5 извештаи, кои се доставени до надлежните раководители и Секторот за контрола и истраги.

13. На 04.03.2009 година на граничниот премин Табановце-автопат (македонско - српската граница), за царинска контрола на влез во Република Македонија пријавено е патничко моторно возило, со унгарски регистарски ознаки. Возилото било управувано од лице - државјанин на Република Романија. Со цел да избегне плаќање на полниот износ на царинските и други давачки за стоката која ја имал во багажниот простор на возилото: луксузен прибор за јадење - есцајг, лицето понудило поткуп од педесет евра, при што банкнота ја ставил во патната исправа

и ја предал на царинскиот службеник. Обидот за поткуп царинскиот службеник веднаш го пријавил на надлежните органи на МВР за превземање на натамошни мерки.

14. Во истиот месец, реализирани се 8 дисциплинска постапка против 8 córнски службеници, од кои во 6 случаи е изречена мерка парична казна, а во 2 случаи е запрена дисциплинската постапка.

15. Во март 2009 година во Царинската управа беа спроведени 3 внатрешни ревизии и тоа:
    - Ревизија на регуларноста на постапката за јавна набавка на вршење на услуга за одржување на хигиена на граничните премини на Царинската управа на Република Македонија. Со оваа ревизија дадени се 6 препораки за постапување.
    - Ревизија за спроведување на одлуките донесен од Централната пописна комисија за извршениот попис во Царинската управа со состојба 31.12.2008 година.
    - Ревизија на успешноста на Стратегијата на Царинската управа за спречување на корупција, со која се дадени 3 препораки за постапување.

## IV. Транспарентност

16. Во март 2009 година преку отворената царинска телефонска линија (број 197) се примени вкупно 4.929 повика или во просек 159 повици на ден и тоа:

- 7 повици се А класа ( информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени,
- 6 повици се В класа (информации кои бараaат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
- 115 повици Ј класа (информации проследени до Сектор за професионална одговорност, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници) најчести беа жалбите за застој и гужва. Од досегашните анализи констатирано е дека само 10% од овие информации имаат завршница, додека останатите 90% не содржат доволно податоци за покренување на истрага и се оквалификувани како неосновани.

До Гранична полиција се упатени 88 барања за асистенција, проверка на лица/возила за остварен влез или излез, при што одговор е добиено за 73 барања. До Дежурниот центар за состојби при Бирото за безбедност на Министерството за внатрешни работи се упатени 6 барања и добиен е соодветен одговор на 4 од нив.

17. Во март 2009 година на официјалната интернет страна на Царинската управа објавени се 98 информации на македонски, англиски и албански јазик, додека на интранет порталот континуирано се објавуваат информации за вработените во Царинската управа.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

18. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризикот, специјалните мобилни единици на Царинската управа во март 2009 година извршија преглед на 389 камиони, 214 автобуси, 266 патнички моторни возила или на вкупно 869 возила на граничните премини и во внатрешноста, а Службата за мобилни скенери изврши 1.101 скенирање на 935 товарни моторни возила, 45 автобуси и 121 патнички моторни возила при што се запленети разни стоки (акцизна стока, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки).

    Истовремено, и царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење, при што се запленети над 56.000 парчиња трговски стоки или над 200 видови трговски стоки:

    - 9 употребувани патнички моторни возила
    - 53 живи гулаби од видот Дунек
    - 509 пара патики
    - 970 парчиња делови за мобилни
    - 1.600 парчиња облека (тренерки, блузи, фармерки, долен веш)
    - 4.200 парчиња цигари
    - 14.150 парчиња светилки
    - 24.000 парчиња пластични врвови и крилца за пикадо стрелки

    и голема количина најразновидни производи за домаќинство и трговија.

    На Царинската испостава Гевгелија на 19.03.2009 година откриени се во товарно моторно возило непријавени 1.950 килограми свежи домати. Возилото било натоварено со овошје и зеленчук со потекло од Република Турција, наменето за фирма увозник од Република Македонија.

    На граничниот премин Деве Баир (македонско - бугарската граница) откриени се непријавени 393 различни производи (сенки за очи, лакови, молив за усни, вештачки нокти, руж за лице сјај за усни, крема, тоник и млеко за лице, огледалца, чешли и паричници), на ден 16.03.2009 година во патните торби на патник, кој патувал во автобус со бугарски регистарски ознаки

19. За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се доставени 231 барање за поведување на прекршочна постапка, од кои: 84 барања по прекршочна пријава за возила доставени од Министерството за внатрешни работи, 24 барања по записник за царински прекршок доставени од Секторот за контрола и истраги, 30 барања по записник за царински прекршок доставени од царинските испостави, а останатите 93 се вратени предмети од Основните судови кои со решенија се огласуваат за ненадлежни. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во март реши 56 предмети во редовна и итна постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 3,6 милион денари (околу 59 илјади евра) и ја одзеде стоката предмет на царински прекршок.

20. Во текот на март Царинската управа издаде 648 покани за плаќање на глоба, односно изрече мандатни казни на сторителите на царински прекршоци во вкупен износ од околу 5,7 милиони денари (околу 93,5 илјади евра).

21. Во март 2009 година Царинската управа донесе 50 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 3,9 милиони денари (околу 64,4 илјади евра).

22. Во овој месец се извршени дополнителни контроли по разни основи во 23 трговски друштва, врз основа на кои се изготвени 40 предлози за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 460 илјади денари (околу 7,5 илјади евра).

23. Царинската управа до основните јавни обвинителства, во текот на март поднесе 8 пријави за покренување за кривична постапка против 8 физички лица и 4 правни лица.

    Основите за поднесување на кривични пријави во март 2009 година се следните: криумчарење, поднесена 1 кривична пријава против 1 физичко лице; транспорт и промет со акцизна стока без бандероли поднесена и кривична пријава против против 1 физичко лице; царинска измама, поднесени се 5 кривични пријави против 5 физички лица и 3 правни лица; фалсификување и употреба ба исправа и симнување и оштетување, поднесена 1 кривична пријава против 1 физичко лице. Вкупната вредност на стоката предмет на кривично дело изнесува 2,1 милиони денари (околу 35 илјади евра), ненаплатените односно избегнатите царински давачки изнесуваат 4,7 милиони денари (околу 77 илјади евра).

24. Во март 2009 година Царинската управа интервенираше во 9 случаи за индицирани обиди за повреда на право од интелектуална сопственост и привремено задржа 27.067 парчиња различна стока:
    - 14 парчиња блузи
    - 67 пара фармерки
    - 319 парчиња тренерки (комплет, горен и долен дел)
    - 509 пара патики
    - 600 парчиња стартери за неонки
    - 3.276 пара чорапи
    - 4.018 парчиња маски за мобилни телефони
    - 5.760 пакувања козметички производи
    - 10.719 парчиња футроли за мобилни телефони

    Во периодот од 01.03.2009 до 31.03.2009 година е поднесено едно ново барања за преземање на царински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост и тоа за трговската марка: GIVENCY & AMOR AMOR.

    Во текот на овој месец Царинската управа изврши уништување на вкупно 9.606 парчиња фалсификувана стока и тоа: текстилни производи од трговските марки: ADIDAS, PUMA, D&G, VERSACE, DIESEL и MERCEDES; патики од трговските марки PUMA; рачни часовници, калкулатори, паричници, депилатори и футроли за мобилни од трговската марка CASIO ,TIMBERLAND, NOKIA, MERCEDES, BRAUN.
    Во март 2009 година се донесени одобренија за уништување за 919 парчиња фалсификувана стока, за која по завршувањето на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост се потврди дека е фалсификат и ги повредува правата од интелектуална сопственост.

## V. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

25. Во Царинската управа на 12 март 2009 година беше спроведена Ревизорска мисија за пренесување на надлежности за децентрализирано управување со помошта на Европската унија во Република Македонија за Прва и Трета компонента на ИПА спроведена од страна на претставници на Европската комисија. Ревизорската мисија имаше за цел ревизорите да добијат прелиминарен впечаток за регионалната политика и за вработувањата по однос на подготвеноста на ДИС (Систем за децентрализирано имплементирање) структурите за акредитација од страна на Европската комисија за првата и третата компонента од ИПА.

26. Во текот на март се одржаа 2 состанока на Советодавното тело, еден редовен и еден вонреден. На вонредниот состанок тема на дискусија беше претстојниот Поткомитет за индустрија, трговија, царина и оданочување помеѓу Република Македонија и Европската унија. Цел на состанокот беше консултација со претставниците на бизнис заедницата и истакнување на резултатите од нивната соработка со компаниите од Европската унија и евентуалните проблеми со кои се соочуваат македонските извозници на пазарите на ЕУ.

27. Во врска со имплементацијата на новиот систем за обработка на царински декларации, во текот на март беше реализирана посета од италијански експерти од Италија во делот на легислатива. Посебен акцент беше ставен на последните измени на царинското законодавство (Модернизиран царински закон, Регулативите 648/05 и 1875/06) и законодавството од областа на нетарифните мерки.

28. Во периодот 26-27 март 2009 година Царинската управа со свој претставник учествуваше на Семинар на високо ниво "Идннината на е-Царина:одиме напред заедно", кој се одржа во Прага, Чешка. Поканата и организацијата на Семинарот беше од страна на Европската Комисија - Директорат за оданочување и царинска унија и Чешката царинска администрација, кој имаше за цел оценка на напредокот постигнат во имплементацијата на е-Царина програми и размена на идеи за идниот развој на е-Царина помеѓу делегатите на Земјите членки на Европската Унија и на Земјите кандидати за членство во Европската Унија.

29.

.